СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 16 јули 1997 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 18,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски. претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и првата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 24-та точка - Информација за актив Владата околу откупот и исплатата на пченицата.

Бидејќи минатиот пат при гласањето по предлозите на заклучоците поднесени од одделни пратеници немаше доволен број пратеници за полноважно одлучување, гласањето по нив ќе го повториме.

Кој е за Предлогот на заклучокот поднесен од Слободан Најдовски, молам да крене рака? (17 пратеници).

Констатирам дека предложениот заклучок не е усвоен.

Кој е за Предлогот на заклучокот поднесен од пратениците Вељо Тантаров, Петре Трајановски, Санде Џамбазоски, Живко Јанкуловски, Ристо Трајков, Мирко Трипуновски, Алил Џафероски, Бранко Арсовски и Мирко Лазаревски, молам да крене рака? (55 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Бидејќи од Седумдесет и првата седница ни остана уште последната точка Пратенички прашања, а како што гледате нема кого да прашаме. Голем број на министри не се тука. Тука има мал број на министри, министерот за финансии и министерот за здравство.

Да се договориме сите министри га бидат тука присутни и тогаш да поминеме на пратенички прашања.

Бидејќи дневниот ред е исцепен ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 18,35 часот) .